# ОЧУДУВАЊА #3
(кратки расказзи)

Изданието е финансиски
поддржано од Град Скопје

БИБЛИОТЕКА – **НАШЕ МААЛО**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Уредник на едицијата
**Андреј Јованчевски**

Наслов на оригиналот
**ОЧУДУВАЊА #3 (кратки раскази)**

Јазична редакција
**Андреј Јованчевски**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# ОЧУДУВАЊА #3

(кратки раскази)

Бегемот

Скопје, 2019

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР: КОЛАЖ .................................................................. 9
Ѕвездан Георгиевски
ПАТУВАЊЕ ВО ВОЛШЕБНАТА ШУМА ............................. 11
Ѓоко Здравевски
ГОРАНЧЕ .................................................................................. 12
НЕ ВРНЕ, НЕ ВРНЕ, НЕ ДУВА, НЕ ДУВА ........................... 14
Тони Миленковски
МЕТОД НА СПИЕЊЕ .......................................................... 15
Владимир Плавевски
СПИЕЊЕ ................................................................................... 17
Владимир Мартиновски
МРЕЖА ...................................................................................... 19
Иван Шопов
АФЕРАТА ЏОН КОЛТРЕЈН .............................................. 21
Ѓорѓи Крстевски
ЧОВЕКОТ СО НОЖ ВО ГРБОТ ......................................... 38
Ненад Јолдески
БУЛКА ВО ГЛАВА ................................................................ 41
Наташа Сарџоска
МЕСОЈАДНО РАСТЕНИЕ ................................................... 43
Андреј Ал-Асади
РОБЕРТ ВРТИГАЗ ................................................................ 53
ЗАМ-ЗАМ ................................................................................. 56
Сања Михајловиќ-Костадиновска
ПОГЛЕДИ ................................................................................. 65
Билјана Ѓонеска
И РИБА И ДЕВОЈКА ........................................................ 67

# Очудувања #3



# ПРЕДГОВОР: КОЛАЖ

*Приказната е иста. Врне. Тој забрзан пулс, тој часовник, тој виновник почнува да забавува и полека да се намалува, да се стеснува околу главата на разбудениот спијач, тоа чудо, таа уста, тоа У. Зевам. Токму тогаш една рака замавна во мракот. Одиме ли? Секаде луѓето отпрвин се чудат, а потоа само креваат раменици и си продолжуваат со своите животи. Ништо не е. Заробените гласови во поткровјето. Странец сум на ова мрачно место, а не можам да си објаснам зошто се однесувам како да сум дома?*

*Време е за проветрување на нашите смрдливи соби и заборавени души. Оваа приказна е инаква.*

Во „Очудувања #3“ ви ги претставуваме:

Ѕвездан Георгиевски, Ѓоко Здравески, Тони Миленковски, Владимир Плавевски, Владимир Мартиновски, Иван Шопов, Ѓорѓи Крстевски, Ненад Јолдески, Наташа Сарџоска, Андреј Ал-Асади, Сања Михајловиќ-Костадиновска, Билјана Ѓонеска.

A.J.

Ѕвездан Георгиевски

# ПАТУВАЊЕ ВО ВОЛШЕБНАТА ШУМА

Оваа приказна ја напишав кога имав 17 години. Сега имам 57. Но, не за долго. Приказната е иста. Иста е Волшебната шума. Ист е и Волшебникот од планината Нуркон. Ист е и маѓепсаниот прстен. Оној што го крие лошата птица еребица во замокот со четири кули, кој може да се види само во среда. Иста си и ти што спиеш под најголемиот прозорец на замокот и го чекаш принцот да те разбуди со бакнеж. Исти се и скаменетите танцувачи во халата полна со огромни песочни часовници. Исти се и камените плочи со кои е поплочен лавиринтот, направен од грмушки и ружи.

Само крајот го нема. Само мене ме нема. Но, не за долго.

Ѓоко Здравески

## ГОРАНЧЕ

Каде е Горанче? Каде е Горанче? Го нема Горанче. Каде е Горанче?

Решив и јас да влезам во играта во која требаше да го најдеме Горанче, кој си беше ачик-легнат на каучот. Каде е Горанче? Го нема Горанче. Почнав да барам околу каучот, под каучот, зад каучот. Каде е Горанче? Го нема Горанче. Го поткренав малку Горанче и барав под Горанче, зад Горанче, околу Горанче. Го вратив Горанче на место. Каде е Горанче? Го нема Горанче. Горанче трепкаше со очињата и со подотвореното устиче сакаше да ми каже дека тој е Горанче, дека е веќе збунет од играта, дека го има. А! Ете го Горанче, кај бил!

Кога порасна, Горанче имаше чувство, како далечно сеќавање, дека никој не го забележува и дека никогаш нема да се најде себеси.